Рев2.бр.477/2019

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од судиите: [redacted] - претседател на совет, [redacted], [redacted], [redacted] и [redacted] - членови на советот, во правната работа на тужителите [redacted] и [redacted], двете од О., против тужениот [redacted] од О., за утврдување право на сопственост на имот стекнат во брак, вредност 1.500.000,00 денари, одлучувајќи по ревизијата на тужениот изјавена преку полномошник Јован Костовски, адвокат од О., против пресудата на Апелациониот суд Битола ГЖ-1229/18 од 18.10.2018 година, на седница одржана на ден 23.12.2020 година, донесе:

П Р Е С У Д А

Ревизијата на тужениот, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

О б р а з л о ж е н и е

Основен суд Охрид со пресуда П1-157/17 од 27.03.2018 година, го усвоил тужбеното барање на тужителите и утврдил дека една половина 1/2 од имотот опишан како ИЛ.393 за КО О., претставува имот на покојната Д.Д., како дел од заедничкиот имот стекнат во брак на тужениот со неговата покојна сопруга и истиот преставува дел од нејзината оставина. Го задолжил тужениот да им надомести на тужителите трошоци во износ од 471.394,00 денари, а поголемото барање за трошоци до побараните 550.606,00 денари, го одбил.

Апелациониот суд Битола со пресуда ГЖ-1229/18 од 18.10.2018 година, жалбата на тужениот ја одбил и пресудата на Основен суд Охрид П1-157/17 од 27.03.2018 година, ја потврдил. Со решение, жалбата на тужениот ја уважил и решението за трошоци содржано во пресудата на Основниот суд Охрид П1-157/17 од 27.03.2018 година, во став 3 за усвоеното барање за трошоци, го укинал и предметот во тој дел го вратил

на повторно одлучување на првостепениот суд.

Против пресудата на Апелациониот суд Битола ревизија изјави тужениот преку својот полономошник, поради суштествени повреди на одредбите од парничната постапка и погрешна примена на материјалното право, со предлог ревизијата да се усвои, второстепената и првостепената пресуда да се укинат и предметот да се врати на повторно одлучување на првостепениот суд, а тужителите да се задолжат со трошоци.

Врховниот суд на Република Северна Македонија, по проучување на списите по предметот и наводите во ревизијата, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 377 став 3 од Законот за парнична постапка, најде:

Ревизијата е неоснована.

Неоснован е наводот во ревизијата за сторена суштествена повреда од член 343 став 2 точка 14 од Законот за парнична постапка, од причина што и по оценка на овој суд, побиваните пресуди се јасни и разбирливи, содржат доволно образложени причини за решителните факти од кои се раководеле пониските судови при одлучувањето, па истите можат во целост да бидат испитани.

Второстепениот суд одговорил на сите жалбени наводи кои се од решително значење и дал доволно образложени причини, што значи не сторил суштествена повреда од член 343 став 1 во врска со член 363 став 1 од Законот за парнична постапка, на која тужениот укажува во изјавената ревизија.

Неоснован е и наводот во ревизијата за погрешна примена на материјалното право, со оглед на утврденото во фактичката состојба.

Имено, врз основа на утврденото дека тужителите се внуки на тужениот од неговиот покоен син Д.Д., а дека замешувачот М.Д., исто така е син на тужениот, дека куќата која е предмет на тужбеното барање, а се наоѓа на ул.......... бр......... во О. била градена со финансиски средства на тужениот и неговата сопруга, а во катастарската евиденција е заведена на име на тужениот, додека куќата во која сега живеат тужителките на ул..........., била заведена на име на неговата сега покојна сопруга, која починала на ..........година, дека со решение на Основен суд Охрид О.бр.321/06 од 07.09.2006 година била расправена оставината на покојната сопруга и за наследници биле прогласени сопругот сега тужен и нејзините деца, но дека куќата која сега е предмет на тужбеното барање

не била внесена во таа оставинска постапка, бидејќи во катастарската евиденција се води на тужениот, по наоѓање на Врховниот суд на Република Северна Македонија, правилно пониските судови го примениле материјалното право, кога повикувајќи се на член 67 и член 69 став 1 и 2 од Законот за сопственост и други стварни права, го усвоиле тужбеното барање и утврдиле дека 1/2 од имотот опишан како ИЛ.393 за КО О., претставува оставина на покојната Д.Д., како дел од заеднички имот стекнат во брак со тужениот.

Правилно пониските судови подведувајќи ги утврдените решителни факти под содржината на наведените одредби од Законот за сопственост и други стварни права, заклучиле дека куќата која е предмет на овој спор, а била изградена во текот на бракот на тужениот со покојната сопруга, без оглед што во катастарската евиденција е заведена само на име на тужениот, претставува заедничка сопственост на двајцата брачни другари, па дека една половина од истата претставува оставина на сега покојната сопруга на тужениот.

Неосновани се и ревизиските наводи дека второстепениот суд погрешно го применил материјалното право, кога прифатил дека тужба не е застарена. Ова од причина што и по наоѓање на овој суд, правилно второстепениот суд заклучил дека во смисла на член 136 од Законот за наследување, во случајов не се поминати 10 години од правосилното решение со кое била расправена оставината на покојната, дотолку повеќе што сега тужителките не биле ни учесници во таа постапка за расправање на оставината.

За останатите наводи во ревизијата, овој суд оцени дека дел се без влијание за поинакво одлучување, а дел се веќе одговорени од страна на пониските судови и за нив во побиваните одлуки има дадено доволно образложени причини, со кои во целост се согласува и овој суд.

Од наведените причини, следуваше ревизијата да се одбие како неоснована, согласно член 384 одЗаконот за парнична постапка.

Пресудено во Врховниот суд на Република Северна Македонија, на ден 23.12.2020 година под Рев2.бр.477/2019.

Претседател на советот - судија
[redacted]а с.р.

За точноста на отправокот – т в р д и:секретар,